РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-2214/3
06-10-2020 г./V.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот --------- на 05.09.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 39-та седницата одржана на 2 октомври 2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот ---------- на 05.09.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4184/1 од 05.09.2019 година, се изразува незадоволство од Решението на Основното јавно обвинителство Велес во врска со кривична пријава поднесена од подносителот ----- против -------, како Претседател на Управен одбор на ----------- и ----- како Претседател на Надзорен одбор во -------- поради тоа што злоупотребувајќи ја својата службена положба и овластување прибавиле за себе имотна корист во износ од 15.787.871,00 денари, а на штета на -------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4184/1 од 05.09.2019 година, од причина што по истиот предмет друг надлежен орган (Јавното обвинителство на РСМ) веќе се произнесол по конкретниот случај, односно повел постапка согласно закон, ја утврдил фактичката состојба и донел одлука.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со 12-4184/1 од 05.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -------------------.

Во пријавата се изразува незадоволство од Решението на Основното јавно обвинителство Велес во врска со кривична пријава поднесена од подносителот --------- против -------------, како Претседател на Управен одбор на -------------------- и ------------ како Претседател на Надзорен одбор во --------- ------- поради тоа што злоупотребувајќи ја својата службена положба и овластување прибавиле за себе имотна корист во износ од 15.787.871,00 денари, а на штета на ------------. На 28.06.2007 година на седница на Собранието на акционери биле донесени три предлог – одлуки за определување на награди врз основа на кои биле донесени одлуки за определување на награди за членовите на органите на управување,

членовите на комисиите и работните тела и надворешните соработници на ------------. Врз основа на одлуките за награди за секое од лицата на кои им се определува награда биле донесени посебни одлуки и со секој биле склучени поединечни договори за определување и начин на исплата на наградите.

Врз основа на донесените одлуки на --------, како Претседател на Управен одбор на ---------- му била исплатена награда во износ од 3.756.416,00 денари а на лицето ----------- по основ на награди му бил исплатен износ од 1.252.319,00 денари. Основното јавно обвинителство Велес постапило по поднесената кривична пријава од подносителот -------------, спровел постапка согласно закон и утврдил дека спорните одлуки за исплата на награди се донесени од легитимен орган, односно Собранието на акционери, кои биле потпишани од страна на Претседавачот на Собранието во легитимна и законска постапка. По жалба против Решението на ОЈО Велес се произнело и Вишото Јавно обвинителство Скопје кое го отфрлил приговорот на подносителот со образложение дека во дејствијата преземени од лицата -----------------, како Претседател на Управен одбор на ------------- и --------- како Претседател на Надзорен одбор во ------------- нема елементи од битието на кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување по чл. 353 ст.4 в.в со ст. 3 со ст.1 в.в со чл.22 од КЗ, ниту пак на било кое друго кривично дело за кое се гони по службена должност, односно дека пријавените ниту ја искористиле својата службена положба и овластување, ниту пак за себе и друг прибавиле имотна корист во износ од 15.787.871,00 денари, а на штета на -----------.

Од увидот во содржината на пријавата и приложената документација, ДКСК констатира дека по однос на конкретниот случај друг надлежен орган (Јавното обвинителство на РСМ) при донесување на конкретното Решение, ги испитал наводите, доказите приложени кон пријавата, ја утврдил фактичката состојба и донело конкретна одлука. Во конкретниот случај и наводи, Државната комисија нема надлежност ниту процесна можност за натамошно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И. П
Одобрил: м-р В. Г, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**